ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА

## ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017




ЗА ГРАД

# СКОПЈЕ

ЛЕВИЦА

Драги сограѓани,

Скопје, нашиот град, едвај дише - биолошки, инфраструктурно, социјално, културно, политички. Тој не се развива плански, квалитетно и соодветно на потребите на сите негови жители. Ликот на градот го покажува тоа совршено јасно, но скриените проблеми - кои, неретко, погубно се појавуваат - се уште посериозна пречка за неговиот здрав развој. Со нашите улици, плоштади, паркови и домови управуваат политички династии и бизнис картели водени од нивните приватни интереси, претворајќи го општото, јавното, урбаното во полигон за невкусни експерименти и распределби на заедничките средства. Таквите стихии не поштедуваат никого, сите ги чувствуваме последиците од негрижата и злоупотребата на градот - преку воздухот, преку сообраќајот, преку градските служби. За многумина тие се фатални: Скопје е град со недозволиво висока стапка на смртност во сообраќајот, со презагаден воздух и искасапено зеленило, со инфраструктура неподготвена да ги издржи и најмалите елементарни непогоди.

Мораме да си го оствариме правото на град, колективното право на дом! Промените од секој вид мора да се обмислуваат и спроведуваат со максимална вклученост на граѓаните, со стручна анализа на градските потенцијали и потреби и со функционално и естетски напредни решенија, кои ќе го олеснуваат и разубавуваат животот во градот. Скопје, иако долгогодишна жртва на безброј ветувања и мегаломански лудории, може повторно да се крене и да биде радост за неговите жители. Но, тоа е едноставно невозможно сè додека градот е роб на ќефот и будалаштините на мала група некадарни и отуѓени властелини. Мораме на свои плеќи да ја донесеме промената. Во спротивно, неразумноста, нечесноста и апатијата ќе ни ги доискршат плеќите.

Скопје е жедно: за чист воздух, за зеленило, за велосипедски патеки, за асални и безбедни патишта, за функционални градски служби, за грижа за незаштитените, за хуман однос кон животните, за доволен број на градинки, за многу повеќе автономни културни центри, за вдомување на бездомните и притеснетите, за заштита на градското наследство, за инклузивна, стручна и транспарентна стратегија за градски развој. Сите сме жедни за промени кои ќе овозможат граѓаните, со помош од стручната фела, да ја моделираат неговата сегашност и да ја промислуваат неговата иднина. Ние не бараме премногу, ние го бараме нужното! Да го побараме и оствариме здружено и смело! Оти градот сме сите ние заедно.

## Градот е наш, на сите нас!

# 1 Стоп на корупцијата

16

- Нулта толеранција за непочитувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на функционерите на локалната самоуправа при располагањето со општинските пари, при склучувањето на тендерите, при промената на урбанистичките планови и слично;
- Периодично издавање на финансиски извештај за трошењето на јавните средства, еднаш на 6 месеци;
- Намалување на бројот на членови (таму каде што бројот е голем) во управните одбори и нивна професионализација;
- Можност едно лице да учествува во само еден управен одбор во локалната самоуправа;
- Намалување на високите хонорари на членовите на управните одбори на ниво од дневница на просечна плата.

# 2 Работничките права како приоритет

- Департизација на работните места под патронат на локалната самоуправа да бидат оние кои се најквалитетни, а не да бидат поставувани оние кои имаат најсилни партиски врски;
- Почитување на работничките права на вработените во општинската администрација и во институциите под надлежност на локалната самоуправа;
- Овозможување на непречено синдикално организирање во општинската администрација и во институциите под надлежност на локалната самоуправа;
- Преземање на вишок вработените од државната администрација во јавните претпријатија под надлежност на локалната самоуправа и институциите на локалната самоуправа, онаму каде што има потреба.

# 3 Социјални мерки

- Воспоставување служба за редовна домашна посета за највозрасните и за лицата со посебни потреби;
- Отворање  дневни центри за лицата со посебни потреби;
- Зголемување на капацитетот и подобрување на условите за сместување во прифатните центри за бездомници во Чичино Село и Момин Поток;
- Изградба или пренамена на општински објект каде што ќе бидат сместени загрозените лица и ќе имаат работа и поддршка од соодветен стручен кадар и ќе се планираат и спроведуваат начини за нивно самоодржување;
- Вработување на дополнителен стручен кадар кој ќе работи со загрозените лица во прифатните центри;
- Отворање на бесплатни народни кујни на повеќе локации во Град Скопје, согласно со потребите;
- Соработка со претпријатијата кои работат со храна за организирано донирање на храната со рок близу до истекот.

# 4 Демократизација на локалната самоуправа

- Максимален ангажман на локалната самоуправа за обезбедување на целосна информираност и ефективна вклученост на граѓаните во процесот на одлучување за важните одлуки во локалната самоуправа;
- Пренесување на поважните седници на Советот и јавни расправи преку каналите на комуникација на Општината;
- Заложба на Општината да се направат законски измени со кои бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на два;
- Заложба на Општината да се направат законски измени со кои ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа:

- Намалување на потребниот процент граѓани кои можат да бараат распишување на локален референдум од 20% на 10%.
- Намалување на потребниот процент граѓани кои можат да иницираат свикување собир на граѓани на локално ниво или да организираат граѓанска иницијатива на локално ниво од 10% на 5%.

# 5 Образование и култура

- Отворање на нови градинки, воведување две работни смени и вработување дополнителен и квалификуван кадар во нив;
- Организирање на манифестации од мултиетнички карактер;
- Обезбедувањето во училиштата да биде на трошок на локалната самоуправа наместо на трошок на родителите;
- Финансиска помош за училиштата за подобрување на условите во нив;
- Збогатување на книжниот фонд на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ и училишните библиотеки;
- Овозможување независни културни иницијативи да се вселат во стари, но употребливи простории и згради (сквотирање);
- Поткревање на поддршката и стандардите на традиционалните и иницирање нови културни настани во градот, особено во населбите од градот;
- Изградба на „графит парк”, во кој, на специјални паноа, секој ќе може творечки да се изразува;
- Изградба на Народна опсерваторија за популаризација на науката и техниката;
- Оживување на тврдината Кале и овозможување пристап на граѓаните;
- Доделување посебни градски стипендии за најдобрите студенти на архитектонските и градежните факултети и развивање програми за нивен академски и професионален развој, со можност да се вработат на соодветни позиции во градските институции;
- Развивање посебни програми за културна и академска размена со други задгранични градови;
- Промена на контроверзните имиња на улиците.

# 6 Сообраќај и јавен превоз

- Отворање јавна дискусија за најдобриот начин на модернизација на јавниот превоз (трамвај, тролејбус, електрични автобуси и слично) и заложба за што побрзо започнување со конкретни активности на тој план.

## Јавен автобуски превоз поблизок до граѓаните

- Намалување на цената на билетите со цел да се стимулира поголемо користење на јавниот превоз од страна на граѓаните;
- Овозможување секојдневен бесплатен превоз за пензионерите кој ќе важи во одреден временски период од денот;
- Овозможување секојдневен бесплатен превоз за примателите на социјална парична помош;
- За сите средношколци на територијата на Град Скопје јавниот превоз да биде субвенциониран без разлика на местото на живеење;
- Активирање на опцијата на временски билети кои ќе можат да се користат на одреден временски период во повеќе автобуси;
- Укинување на временското ограничување за користење на картичките за 10 возења;
- Укинување на минималниот лимит за надополнување на картичките за градски превоз;
- Намалување на превисоките казни за возење без билет;
- Воведување на нови автобуски линии;
- Купување на дополнителен број на нови автобуси со високи еколошки стандарди и исфрлање од употреба на старите дотраени автобуси;
- Максималното чекање на автобусите на градските линии да биде 5 до 10 минути;
- Зголемување на бројот на локации каде што можат да се купуваат карти за автобускиот превоз;
- Обезбедување точки за приод на автобусите кон сите излетнички места во околината на Скопје со обезбедување на посебни паркинг места на кои ќе може да маневрираат;
- Обврзување на приватните автобуски превозници да ги обезбедат истите услови за превоз како во јавниот превоз.

## Унапредување на велосипедската култура

- Субвенционирање на купувањето велосипеди;
- Поставување на пунктови за паркирање велосипеди на повеќе локации во градот;
- Повторно воведување на можноста за изнајмување велосипеди од страна на граѓаните;
- Воспоставување на нова, подобрување и тековно одржување на постоечката велосипедска инфраструктура.

## Автомобилски сообраќај

- Субвенционирање на инсталација на плински уреди во возилата;
- Намалување на цената на паркинг услугите;
- Намалување на времетраењето на зонското паркирање;
- Решавање на проблемот со несоодветното паркирање на возила преку користење блокатори на возилата и со минимизирање на употребата на пајак-службата со цел да не се плаќаат непотребно високи парични казни од страна на граѓаните;
- Подигање на нивоата на тротоарите во централното градско јадро (на околу 30 cm) како превентивна мерка за заштита на тротоарите од наездата на паркирани автомобили (тогаш ќе нема потреба од поставување столпчиња).

# 7 Урбанизам: Стоп на градежната мафија

- Борба против измените на ГУП и ДУП кои се во корист на градежната мафија;
- Зголемување на процентот на урбано зеленило во ГУП и ДУП, а особено забрана за градба на нови згради помеѓу две постоечки;
- Почитување на обврската за зазеленување на околината од страна на градежните фирми кои градат нови градби по принципот „Прво засади, после гради“;
- Проверка од страна на локалната самоуправа на техничкиот прием на новоизградените згради и градби;
- Строго придржување на градежните компании кон законските стандарди за обезбедување на градилиштето;
- Ревизија на безбедноста на сите

градежни зафати, особено на објектите од Скопје 2014;

- Детална ревизија на криминалниот проект Скопје 2014 и отворање јавна дебата за справување со проблемот со огромниот број на споменици;
- Враќање на првичниот изглед на зградите за кои се нарушени авторските права при поставувањето „барокни“ фасади;
- Прекинување со градежните зафати во реката Вардар и отстранување на загрозувачките објекти во коритото;
- Запирање на сите активности за урбанизација на Водно и уривање на сите бесправно изградени објекти во заштитената зона;
- Проширување на Градскиот парк и обновување на неговиот дрвен фонд, како и на дрвниот фонд на Паркот Гази Баба и Парк-шумата Водно;
- Поправање на кејот „13 Ноември“ по целата негова должина и повторно поврзување и обновување на велосипедската и ролерска патека на потегот од Ново Лисиче до Влае;
- Строга забрана за градење во близина на Кејот и брегот на Вардар;
- Ефикасна заштита на Старата скопска чаршија;
- Драстично намалување на бројот на билборди и на информациското насилство што се спроведува преку нив;
- Довршување на подземниот катастар.

# 8 Комунални работи

- Преиспитување на управувањето со депонијата „Дрисла“, вклучително и покренување на кривична одговорност за прекршителите на законот;
- Рекултивација на диви депонии, особено на подрачја со загрозени природни ресурси (површински и подземни води, обработливи површини);
- Решавање на проблемот со складираниот линдан и останатиот токсичен отпад во кругот на фабриката „Охис“;
- Изградба на подземни контејнери за смет и поттикнување на култура за селекција на отпад;
- Поставување на корпи за отпад на 100 m растојание;
- Доследно применување на Законот за јавна чистота;
- Редовно миење на улиците;
- Развивање на стратегија за рециклирање на отпадот;

- Завршување во што пократок временски период на проектот за изградба на колекторски систем и пречистителна станица на ниво на Скопје;
- Зголемување на капацитетот на канализационите мрежи;
- Зголемување на бројот на градски чешми;
- Вградување ножни педали на јавните чешми со цел да се заштеди вода;
- Поправање на сите цевки од кои истекува вода.

# 9 Екологија: Стоп на загадувањето

- Најитно изготвување на студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот;
- Спроведување на конкретни проекти што ќе го намалат и/или елиминираат загадувањето (кампањи за подигање јавна свест, општински програми за компостирање и рециклирање, погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на зелени технологии итн.);
- Спроведување на конкретни проекти за намалување на негативните последици од климатските промени (зелено производство на електрична енергија (соларна и геотермална), урбани градини, субвенционирање на јавен превоз, субвенционирање на енергетски ефикасни градби итн.);
- Поставување на апсорбери од мов CITY TREE на отровните ПМ 2.5 и ПМ 10 честички на сите поголеми крстосници, поставување зелени покриви и филтри;
- Набавка на повеќе машини за преместување на дрвја;
- Поставување дрвореди и зеленило на тротоарите на повеќе градски улици и булевари;
- Мораториум на сечата на дрвја во градските средини како и на непотребното уништување зеленило. Објавување задолжителен фитопатолошки наод за секое дрво кое се планира да се исече. Овие наоди ќе бидат достапни за јавноста;
- Воведување задолжителни заштитни зелени зони околу загадувачките капацитети;
- Фиторемедијација на контаминираните површини, на земјоделското земјиште со тешки метали;
- Постепено преминување на целосно соларно улично осветлување;
- Регулирање на градската илуминација со цел намалување на светлинското загадување во градот;
- Спроведување соодветно

осветлување во слабоосветлени и небезбедни делови од градот;

- Поставување на соларни панели на сите покриви на училиштата во општината со што ќе се овозможи сопствено производство на струја за училиштата;
- Намалување на загадувањето на реката Вардар, кое се должи на загадувањето од страна на правни субјекти на територијата на Град Скопје;
- Забрзана гасификација и субвенционирање на приклучувањето на домаќинствата;
- Субвенционирање за поставување фасадна, кровна и подна изолација во објектите за домување поради енергетска ефикасност;
- Инсталирање на плински уреди во сите возила во сопственост на локалната самоуправа;
- Воведување LED светилки во сите установи под надлежност на локалната самоуправа со цел заштеда на електрична енергија;
- Спроведување на Законот за бучава, вклучително и од страна на верските институции.

## 10 Грижа за животните: Стоп на нехуманиот третман на животните

- Доследно спроведување на програмата Залови–стерилизирај–вакцинирај–врати;
- Нулта толеранција за убивањето бездомни животни;
- Пренесување на надлежноста за управување со Зоолошката градина на здруженијата за заштита на животни, похумани услови за животните во неа и воведување центар за рехабилитација на автохтони диви животни;
- Вработување на дополнителен број на ветеринари во Зоолошката градина;
- Пренесување на надлежноста за управување со стационарот Вардариште на здруженијата за заштита на животни;
- Субвенционирање на стерилизацијата/кастрацијата на домашни миленици;
- Одредување површини за паркови за миленици во соработка со здруженијата за заштита на животни;
- Соработка со здруженијата за заштита на животните и за заштита на животната средина во насока на подигање на јавната свест.

# 11 Спорт и рекреација

- Помош во обновата на запуштените спортски сали и спортски игралишта;
- Организирање на поголем број спортски настани, особено на оние што ќе поттикнат помасовно рекреирање на поголем број граѓани;
- Ревитализација на спортскиот центар Езеро Треска и базен Сарај;
- Отворање на најмалку два нови базена во населби во кои ги нема;
- Обновување на лизгалиштето под Кале;
- Изградба на голем и модерен скејт-парк;
- Трасирање на посебни патеки за планински велосипедизам на Водно и околните планини;
- Забрана за сообраќај на приватни возила на Водно.

16

ЛЕВИЦА




ЗА ГРАД

# СКОПЈЕ

ЛЕВИЦА

## ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!

Целосната верзија на Изборната програма на Левица може да ја видите на веб страницата на партијата: www.levica.mk

levica.mk LevicaPartija @levica_mk levica mk levica.mk